Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 27.08.2024

На 26.08.2024 во 21.00 часот на наплатната рампа Романовце, кумановско, полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запреле и извршиле контрола на автобус со струшки регистарски ознаки, сопственост на превозно претпријатие од струшко Велешта, а управуван од А.Д. (54) од Куманово. При контролата било утврдено дека возачката картичка вметната во тахографот не е во сопственост на возачот кој го управувал автобусот. За настанот е известен Државниот инспекторат за транспорт и врски, кој изрече глоби за возачот, правното лице и управителот на правното лице по член 23 став 5, а казнено по член 55 став 1 и член 60 став 1 од Законот за работното време на мобилните работници со патниот сообраќај и уредите за запишување во висина од 7.500 евра. Исто така, одземена е и возачката картичка.

На 26.08.2024 во 20.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 19.10 часот во с.Сопиште, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(25) од Бероево, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 12.20 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ц.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 21.20 часот во с.Волково, скопско, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Т.(29) од с.Шишево, скопско, и Д.С.(23) од с.Орман, скопско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (27.08.2024) во 01.00 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода С.М.(25) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.И.(41) и Н.А.(32), двајцата од Прилеп. Тие се сомничат дека претходно на железничката пруга Велес – Градско уништиле и оштетиле јавна инсталација на Железници на Република Северна Македонија. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 26.08.2024 во 12.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода П.К.(28), постапувајќи по претходна пријава од вработена во финансиско друштво дека приликом лажна патна исправа со апликација за подигање на кредит. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2024 во 10.50 часот во СВР Битола било пријавено дека во атар на с.Трново, битолско, пиротехничар до Дирекцијата за заштита и спасување безбедно подигнал една бомба од Прата светска војна.

На 26.08.2024 во 08.50 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Л.(28) од Косово, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека евидирал со мерка „алпс" по барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 26.08.2024 во 09.00 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода С.М.С.А.(40) од Италија затоа што при извршена проверка во оперативната евиденција било констатирано дека тој и возилото кое го управувал биле барани по телеграма од СВР-Цтип-ОВР Пробиштип поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело по член 235 став 1 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Пробиштип за понатамошна постапка.

На 26.08.2024 во 15.35 часот во ОВР Кичево било пријавено дека на бул. „Ослободување" во Кичево, патничко возило удрило во велосипед управуван од малолетник од Кичево, по што возачот со возилото го напуштил местото на настанот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кичево и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2024 во Полициската станица Карпош, Н.П.(18) од Скопје пријавила дека на ул.„Јуриј Гагарин" во Скопје била касната од куче скитник.

На 26.08.2024 во 19.45 часот во Полициската станица Карпош, М.М.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Јуриј Гагарин" во Скопје, незјната малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 26.08.2024 во 20.20 часот во Полициската станица Аеродром, А.С.(31) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" во Скопје била касната од куче скитник.

На 26.08.2024 во 16.15 часот во Полициската станица Карпош, И.З.(19) од Скопје пријавила дека на кеј на река Вардар во Скопје била касната од куче скитник.

Во Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата, во присуство на неговиот татко К.М.(45), бил извршен службен разговор со малолетник од с.Сарај, скопско и со неговиот чичко Б.М.(40) од Сарај. Имено, на 10.08.2024 околу 14.00 часот, Б.М. го снимал својот малолетен внук додека на автопатот Велес – Скопје, од клучка Кадино до клучка Арачиново, без возачка дозвола управува товарно возило „мерцедес" со полуприколка со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице од Сарај, по што снимките ги споделил на социјални мрежи. Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата во координација со Секторот за компјутерски криминал, инспектор на малолетници од ЕВР Гази Баба, а по претходна консултација со јавен обвинител за малолетници, ќе преземе мерки според Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и тоа: против Б.М. по член 317 став 14, против правното лице по член 317 став 12 и став 13 и против малолетникот по член 225 став 9. За настанот е известен и Центарот за социјални работи.

На 26.08.2024 во 19.25 часот во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница го лишиле од слобода Г.Н.(49) од Виница. Според пријавеното, околу 17.15 часот во Виница тој им се заканувал на З.Ѓ.(36) и В.С., двајцата од Виница, по што се обидел со остар предмет да го нападне З.Ѓ.. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.08.2024 во 17.25 часот, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода С.Ѓ.(23) од Свети Николе, постапувајќи по претходна пријава дека околу 14.00 часот физички ја нападнал неговата 32 - годишна вонбрачна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 14.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во подземна гаража на ул.„Лазар Троповски" во Скопје настанал пожар во возило комбе „форд транзит" со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице од Скопје, кое не се возело повеќе од две години. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 26.08.2024 во 17.06 часот во СВР Скопје, Р.Ќ.(26) од Скопје пријавил дека од заталкано зрно од огнено оружје бил оштетен таван и под од една соба во неговиот дом на подрачјето на Бит Пазар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје, А.К.(39) пријавила дека на 23.08.2024 околу 20.00 часот во с.Петровец, скопско, по претходно нарушени односи, била физички нападната од М.К., двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 07.41 часот во СВР Скопје, Ј.В.(27) пријавила дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, била физички нападната од И.В.(31), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во Полициската станица Кочани било пријавено дека на 25.08.2024 во Кочани, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С. и З.В.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.08.2024 во 09.41 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачјето на општина Аеродром, едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.08.2024 во 13.50 часот во Полициската станица Аеродром, М.Н.(41) од Скопје пријавил дека од местото каде престојувале се одделечиле седум лица на возраст од 25 до 41 година од Непал, кои работеле во приватна фирма во Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 26.08.2024 во 10.36 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Бит Пазар од членови на семејството дека пронајдена почината Љ.Б.(45) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата дадено на обдукција.

На 26.08.2024 во Полициската станица Гази Баба, В.Е.(69) од Скопје пријавил дека од домот се одделечила неговата ќерка И.Е.(26) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 26.08.2024 во 17.25 часот во ОВР Кичево, М.Б.(57) од Кичево пријавил дека на ул. „Рудничка" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 26.08.2024 во 23.10 часот во СВР Битола, С.К.(52) од Австралија, со привремен престој во Битола, пријавил дека на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола бил каснат од куче скитник .

На 26.08.2024 во 10.05 часот во СВР Тетово, Ц.Н.(79) од тетовско Фалише пријавила дека во селото била касната од куче скитник.

На 26.08.2024 во 17.35 часот во СВР Тетово, М.Ц.(71) од Тетово пријавил дека на ул. „Рушатанска" во Тетово бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Г.А.(19) од Кавадарци поради постоечке основи на сомнение за девет кривични дела „тешка кражба" и три кривични дела „кражба". Пријавениот, заедно со неговиот малолетен брат, во периодот од 04.05. до 17.08.2024, со употреба на сила и погодни предмети влегувале во објекти на подрачјето на општините Гевгелија и Богданци и ги извршиле делата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Л.(22) поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 01.08.2024, пријавениот упатувал закани кон неговата мајка и неговиот брат.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.Б.(65) од Врапчиште, А.Б.(51) од Скопје поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа", „посебни случаи на фалсификување исправи", „измама", „употреба на јавна исправа со невистинита содржина" и „поднесување лажни докази" и против А.Н.(43) од Скопје поради постоечке основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластувања" и „несовесно работење во службата". По пријава од група граѓани - законски наследници на имот на починат сопственик Ф.К. и по презентите мерки е утврдено дека превпријавениот станал незаконски сопственик на имотот. Имено, второпријавениот во јануари 2019 година не извршил застапување на неговиот комитент Ф.К. и изготвил полномошно помеѓу првопријавениот и Ф.К., кој бил заверен од третопријавениот со негов службен нотарски штампил и печат. Со овие дејствија, второ и третопријавените му овозможиле на првопријавениот документацијата да ја употреби во судска постапка пред Основен суд Гостивар.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против двајца малолетници поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „одземање на моторно возило". На 06.08.2024 од паркинг просторот во населба Ново Делчево, пријавените одзеле патничко возило „мерцедес", сопственост на Ф.Ѓ. од с. Разловци. Додека го управувале, го оштетиле возилото, по што го вратиле на истото место.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.И.(32) од Тетово поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење" и Р.К.(51) од с.Гургурница, тетовско, поради постоечке основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". На 18.06.2024, М.Н. од с.Палатица, тетовско, пријавил дека пријавениот на второпријавениот, му продал земјиште, сопственост на неговите предци, по што второпријавениот на тоа земјиште изградил викенд куќа без да поседува одобрение за градба.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет